# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 53 | 14.07.2021 год. |



ЈЕГУНОВЦЕ, ЈУЛИ 2021

1.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласувње на Одлукатата за намера за реализација на проект со заем од проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпиешување на Иницијален договор

**Се прогласува** Одлукатата за намера за реализација на проект со заем од проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпиешување на Иницијален договор, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 14.07.2021 год.

Бр.09-944/1
14.07.2021 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески.с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на Р.М.„ бр.61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11 и 192/15), член 4 од Законот за јавен долг („Сл. весник на Р.М.„ бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и 98/19), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Сл. весник на Р.М.„ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општината Јегуновце („Сл.гласник на Општината Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на педесетитретата седница одржана на ден 14.07.2021 год. донесе

# О Д Л У К А

## За намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува намерата за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Јегуновце кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, со цел финансирање на енергетски ефикасни активности во објекти (проекти):

1. Реконструкција на систем за јавно осветлување

### Член 2

По прифаќање на предложените проекти од страна на Министерството за финансии (ПСЕЕП единицата), се овластува Градоначалникот во име на Општина Јегуновце да го потпише Иницијалниот договор согласно условите од јавниот повик.

### Член 3

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии согласно условите наведени во Јавниот повик.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-930/3<br>14.07.2021 г.<br>Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ<br>Претседател<br>Орхан Сабрии,с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Решение за прогласување на Одлуката за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор........................................................................................ 1

2. Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор................................................................. 2